**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1702-409/4 од 29 декември 2014 год., донесена на 92. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржан на 29 декември 2014 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *сметководство и финансии* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија”, „Утрински весник” и „Коха”, на 19 декември 2014 год., и во предвидениот рок се пријави доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, доктор на економски науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ од Штип, да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска е** родена на 9 мај 1974 година во Кочани. Средно економско училиште завршува во гимназијата „Љупчо Сантов“ - Кочани, во 1993 год. Дипломира на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во 1998 година, на отсекот Деловна (бизнис) економија, насока Финансиско-сметководствен менаџмент. Во ноември 2006 год. магистрира на Економски институт при УКИМ - Скопје, со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Кредитна функција на банките-карактеристики, процес и организација”, со што се стекнува со научен степен магистер на економски науки. Во декември 2008 година се запишува на докторски студии на Економски институт - Скопје, по што во јули 2010 год. успешно ја брани докторската дисертација на тема „Анализа на финансиските извештаи - со осврт на финансиската стабилност на корпоративниот сектор во Република Македонија”, со што се стекнува со научен степен доктор на економски науки.

Кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска стекнувањето на работното искуство го започнува со вработување во Дооел Универзал-промет Кочани, каде што во периодот од 2002 до 2005 година работи во Одделот за сметководство и финансии. Од октомври 2005 год. до крајот на јуни 2007 год. работи во интернационалната компанија Ruen International Technologies, како асистент на генералниот менаџер и преведувач. На 2 јули 2007 година, Оливера Ѓоргиева-Трајковска од страна на матичната комисија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е избрана за асистент во областа *сметководство*, по што ги одржува вежбите по овој предмет до септември 2010 год. Во септември 2010 год. Оливера Ѓоргиева-Трајковска е избрана за *доцент* по група предмети од областа *финансии и сметководство*. Од тогаш до денес, кандидатката ја извршува својата наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност во областа сметководство и финансии, со покривање на повеќе предметни дисциплини на додипломски и постдипломски студии: Анализа на финансиски извештаи, Меѓународни стандарди за финансиско известување, Финансиско известување, Основи на финансии, Јавни финансии, Локални финансии. Во моментот д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска е раководител на Катедрата за сметководство и контрола на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска во текот на својата работна кариера на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип има издадено над 60 научноистражувачки и стручни трудови од областа на сметководството и финансиите и има учествувано на повеќе домашни и меѓународни научни конференции и стручни собири. Поседува Лиценца за

овластен вештак од областа на материјалното, сметководствено и финансиско работење и за потребите на Министерството за правда и Бирото за судски вештачење има изработено над 50 стручни вештачења и супер вештачења. Поседува и Уверение за положен испит за проценител на капитал на јавни претпријатија, трговски друштва и други ентитети. Ја има поминато обуката Training of Trainers on Methodology (TOT) of the Training of Internal Auditors in the Public Sector (TIAPS) in Macedonia - Обука на предавачи за методологијата на предавање и обука на интерните ревизори во јавниот сектор, спроведена од страна на овластени претставници на Center for excellence in finance од Словенија и Chartered Institute for Public Finance and Accountancy од Лондон, со што се стекнува со уште поголеми вештини и техники за предавање и пренесување на знаењата како на студентите, така и на останати вработени од институциите кои имаат потреба од дообука во областа на сметководството и финансиите.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор:***

1. Доктор на науки од научната област во која се избира (кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска е доктор на економски науки, со одбранета докторска дисертација на тема „Анализа на финансиските извештаи - со осврт на финансиската стабилност на корпоративниот сектор во Република Македонија";
2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години (кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска има издадено два труда во меѓународни научни списанија и тринаесет труда во меѓународни научни публикации).

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Год. на излегување на списанието/ публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| ***Меѓународни научни списанија*** | | | | |
| 1 | Влатко Пачешкоски, **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Весна Георгиева Свртинов, Благица Колева, Круме Николоски | **External debt as a fundamental problem of developing countries** | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18 (2). pp. 20-28. ISSN 2307-4531 http://gssrr.org/index.php?journal=JournalOfBasicAndApplied&page=index http://eprints.ugd.edu.mk/11337/ | 5 години (од 2010) |
| 2 | Јанка Димитрова, Ристо Фотов, **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Марија Тодоровска | **Retrospective of Macedonian Capital Market for the Period 2004-2013.** | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 15 (2). pp. 289-309. ISSN 2307-4531 http://gssrr.org/index.php?journal=JournalOfBasicAndApplied&page=index http://eprints.ugd.edu.mk/11196/ | 5 години (од 2010) |
| ***Меѓународни научни публикации*** | | | | |
| 1 | Весна Георгиева Свртинов, **Оливера Ѓоргиева-Трајковска,** Ристе Темјановски | **Cost and Benefits of Adopting Euro** | Applied Sciences and Business Economics Journal, 1 (3). pp. 57-64. ISSN 2312-9832 http://www.bzujournal.org/archives/volume-1-issue http://eprints.ugd.edu.mk/11195/ | Една (од 2014) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | **Оливера Ѓоргиева Трајковска,** Весна Георгиева Свртинов, Ристе Темјановски | **Effective financial reporting as a knowledge for boosting the economic growth.** | Knowledge, International Journal-Scientific and applicative papers, Institute for knowledge management, Skopje, Macedonia. ISSN 978-608-65653-7-4 http://eprints.ugd.edu.mk/11587/ | 2014 |
| 3 | Ристе Темјановски, Весна Георгиева Свртинов, **Оливера Ѓоргиева-Трајковска** | **Моралните вредности, информацијата и науката.** | Knowledge, International Journal-Scientific and applicative papers, Institute of knowledge management, Skopje, Macedonia. ISSN 978-608-65653-8-1 http://eprints.ugd.edu.mk/11589/ | 2014 |
| 4 | **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Јанка Димитрова, Александар Костадиновски | **The implications of global financial crisis on developing countries-with special reference to Macedonia** | Зборник на трудови, Четврта меѓународна научна конференција „Науката и општествениот развој", Европски универзитет, Скопје. ISSN ISBN 978-608-4574-62-0 http://eprints.ugd.edu.mk/10862/ | 2014 |
| 5 | **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Весна Георгиева Свртинов | **Attractiveness of accounting profession** | Proceeding of the International scientific conference dedicated to the professional accountant's day in Moldova. pp. 23-25. ISSN 978-9975-75-710-2 http://eprints.ugd.edu.mk/11397/ | 2014 |
| 6 | Александар Костадиновски, **Оливера Ѓоргиева-**Трајковска, Благица Колева | **Факторите на влијание врз перформансите на здравствената работна сила** | Зборник на трудови од четврта меѓународна научна конференција: „Науката и општествениот развој" Европски универзитет, Скопје. ISSN 978-608-4574-62-0 https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=10994 | 2014 |
| 7 | **Оливера Ѓоргиева-Трајковска,** Александар Костадиновски, Јанка Димитрова | **Implementation of global IFRS in the national accounting regulations, with special reference to Macedonia** | Зборник на трудови од четврта меѓународна научна конференција: Промените во глобалното општество, Европски универзитет, Скопје. ISSN 978-608-4574-58-3 http://eprints.ugd.edu.mk/7201/ | 2013 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | **Оливера Ѓоргиева-Трајковска,** Александар Костадиновски | **Why IFRS – reasons for transition** | Accounting and Audit in the Context of European Economic Integration: Advancements and expectations, International Scientific Conference, Moldova. ISSN 978-9975-4242-7-1 http://eprints.ugd.edu.mk/7203/ | 2013 |
| 9 | **Оливера Ѓоргиева-** Трајковска, Александар Костадиновски, Благица Колева | **The role of promotion in creation of positive accounting firm image** | Conference Proceedings, International Conference “The Role of Media in Promotion of Product and Service”, Skopje, Macedonia. ISSN 978-608-4691-01-3 http://eprints.ugd.edu.mk/8884/ | 2012 |
| 10 | Благица Јованова, Александар Костадиновски, **Оливера Ѓоргиева-Трајковска** | **Internal Audit in Banks in a Function of Risk Management** | 5TH International Conference –Crisis Management Days, 24 and 25 May 2012, Velika Gorica, Croatia http://eprints.ugd.edu.mk/1946/ | 2012 |
| 11 | **Оливера Ѓоргиева-** Трајковска, Благица Колева | **Влијание на глобализацијата врз процесот на сметководствена хармонизација** | Прва меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии „Од либерализација до глобализација”- предизвици во светот што се менува, 13-15 септември 2012, Штип, Република Македонија http://eprints.ugd.edu.mk/73/ | 2012 |
| 12 | Александар Костадиновски, **Оливера Ѓоргиева-Трајковска** | **Benefits of improving the financial reporting in Republic of Macedonia** | 1 st International conference - South-East European Countries towards European Integration, 20 October 2012, Elbasan - Albania http://eprints.ugd.edu.mk/2199/ | 2012 |
| 13 | **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, Благица Колева | **The impact of the global financial crisis on small and medium enterprises financing** | International Scientific Conference “Faces of the Crisis”, March, 2012, “Europian University” Skopje, Republic of Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/1791/ | 2012 |

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска својата наставно-образовна дејност ја започнува во 2007 година, кога од страна на Матичната комисија на Универзитет „Гоце Делчев“ е избрана за асистент во областа сметководство. Како асистент на Економскиот факултет кандидатката одржува вежби по предметите: Сметководство, Меѓународни сметководствени стандарди и Планирање, анализа и контрола на трошоците во здравството.

По изборот во доцент на група предмети од областа финансии и сметководство во 2010 год., кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска успешно изведува предавања по предметните дисциплини: Анализа на финансиски извештаи, Меѓународни сметководствени стандарди (подоцна Меѓународни стандарди за финансиско известување), Финансирање на здравствена заштита, Основи на финансии, Јавни финансии, Локални финансии.

Во овој период кандидатката учествува и во изведување настава на втор циклус студии и тоа за предметите: Анализа на финансиски извештаи, Меѓународни стандарди за финансиско известување и ревизија и Финансиско известување.

За потребите на наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска има издадено три рецензирани учебни помагала (објавени на е-библиотека на УГД - Штип), што е и еден од условите од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип:

**Ѓоргиева-Трајковска, Оливера** и Колева, Благица (2013) ***Анализа на финансиски извештаи***, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ISBN 978-608-244-005-7 (рецензирана скрипта, објавена на е-библиотека).

Скриптата е наменета, пред сè, за студентите на додипломски и постдипломски студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ од Штип, кои го изучуваат истоимениот предмет, но можат да го користат и сите останати кои се заинтересирани за оваа проблематика. Основната ориентација во излагањето на содржината е презентација на една целосна анализа, која опфаќа повеќе елементи: анализа на деловната стратегија, анализа на сметководствените политики и финансиска анализа. Посебен акцент е ставен на изучување на методите на анализа на финансиските извештаи и на финансиските показатели, преку кои се анлизираат различните аспекти од работењето на компаниите (ликвидност, профитабилност, деловна активност, финансиска структура и пазарна вредност).

Костадиновски, Александар и **Ѓоргиева-Трајковска, Оливера** (2013) ***Осврт кон меѓународните стандарди за финансиско известување***. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-4708-72-8 (рецензирана скрипта, објавена на е-библиотека)

Во скриптата авторите ги обработуваат основните цели, принципи, барања и делокруг на примена на меѓународните стандарди за финансиско известување, меѓународните сметководствени стандарди и нивните толкувања. Преку изучување на професионалните сметководствени стандарди студентите стекнуваат знаења и вештини за подготовка и презентација на финансиските извештаи на една компанија, согласно со барањата содржани во нив. Крајна цел на изучувањето претставува креирање на веродостојни, релевантни и споредливи финансиски извештаи во кои се содржани квалитетни финансиски информации кои се користат од страна на различните групи на стејкхолдери во донесување на ефикасни економски одлуки.

**Ѓоргиева-Трајковска, Оливера** и Колева, Благица (2014) ***Анализа на финансиски извештаи - практикум***, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ISBN 978-608-244-081-1 (рецензиран практикум, објавен на е-библиотека)

Учебното помагало „Анализа на финансиските извештаи – практикум“ претставува дополнување на скриптата со истоимениот наслов „Анализа на финансиски извештаи“. Во овој практикум се опфатени повеќе практични примери (задачи и решенија) кои им помогаат на студентите, а исто така и на останатите заинтересирани лица, полесно да ја сфатат проблематиката на анализирање и толкување на финансиските извештаи. Преку практичните примери за примена на различните методи на анализа, пресметка и толкување на различните групи на финансиски показатели, како и користење на финансиски извештаи на познати компании од македонската и светска економија, студентите многу подлабоко

можат да навлезат во суштината на значајниот процес на анализа на основните финансиски извештаи. Со тоа им се овозможува да научат правилно да ги читаат финансиските извештаи, правилно да ги толкуваат добиените резултати од пресметките, поточно да научат да „читаат меѓу редови”.

***Научноистражувачка дејност***

Научноистражувачката дејност на кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска може да се оцени преку бројните научноистражувачки трудови издадени во меѓународни научни публикации, стручни (научно-популарни списанија), како и во зборници од научни конференции одржани во земјава и во странство.

Во продолжение следи листа на научноистражувачките трудови на кандидатката, класифицирани според припадноста во меѓународни научни публикации, зборници од конференции во земјава и во странство и стручни списанија, согласно со критериумите дефинирани во Законот за високо образование.

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни научни списанија:***

**1.** Влатко Пачешкоски, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Весна Георгиева-Свртинов, Благица Колева, Круме Николоски
***External debt as a fundamental problem of developing countries***
International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18 (2). pp. 20-28 (2014)
http://eprints.ugd.edu.mk/11337/

**2.** Јанка Димитрова, Ристо Фотов, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Марија Тодоровска
***Retrospective of Macedonian Capital Market for the Period 2004-2013***
International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 15 (2). pp. 289-309 (2014)
http://eprints.ugd.edu.mk/11196/

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни научни публикации:***

**3.** Весна Георгиева-Свртинов, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Ристе Темјановски
***Cost and Benefits of Adopting Euro***
Applied Sciences and Business Economics Journal, 1 (3). pp. 57-64 (2014)
http://eprints.ugd.edu.mk/11195/

**4.** **Оливера Ѓоргиева-Трајковска,** Весна Георгиева-Свртинов, Ристе Темјановски
***Effective financial reporting as a knowledge for boosting the economic growth***
Knowledge, International Journal-Scientific and applicative papers, Institute for knowledge management, Skopje, Macedonia. ISSN 978-608-65653-7-4
http://eprints.ugd.edu.mk/11587/

**5.** Ристе Темјановски, Весна Георгиева-Свртинов, **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**
**Моралните вредности, информацијата и науката.**
Knowledge, International Journal-Scientific and applicative papers, Institute of knowledge management, Skopje, Macedonia. ISSN 978-608-65653-8-1
http://eprints.ugd.edu.mk/11589/

**6.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Јанка Димитрова,
***The implications of global financial crisis on developing countries-with special reference to Macedonia***
Зборник на трудови, Четврта меѓународна научна конференција „Науката и општествениот развој”, Европски универзитет, Скопје (2014)
http://eprints.ugd.edu.mk/10862/

**7.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Весна Георгиева-Свртинов
***Attractiveness of accounting profession***
Proceeding of the International scientific conference dedicated to the professional accountant's day in Moldova. pp. 23-25 (2014)
http://eprints.ugd.edu.mk/11397/

**8.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Александар Костадиновски, Јанка Димитрова
***Implementation of global IFRS in the national accounting regulations, with special reference to Macedonia***
Зборник на трудови од четврта меѓународна научна конференција: Промените во глобалното општество, Европски универзитет, Скопје (2014)
http://eprints.ugd.edu.mk/7201/

**9.** Александар Костадиновски, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Благица Колева
***Факторите на влијание врз перформансите на здравствената работна сила.***
Зборник на трудови од четврта меѓународна научна конференција: „Науката и општествениот развој", Европски универзитет, Скопје, (2014)
https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=10994

**10.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Александар Костадиновски
***Why IFRS – reasons for transition***
Accounting and Audit in the Context of European Economic Integration: Advancements and expectations, International Scientific Conference, Moldova (2013)
http://eprints.ugd.edu.mk/7203/

**11.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Александар Костадиновски, Благица Колева
***The role of promotion in creation of positive accounting firm image***
Conference Proceedings, International Conference "The Role of Media in Promotion of Product and Service", Skopje, Macedonia (2012)
http://eprints.ugd.edu.mk/8884/

**12.** Благица Јованова, Александар Костадиновски, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*
***Internal Audit in Banks in a Function of Risk Management***
5TH International Conference – Crisis Management Days, 24 and 25 May, Velika Gorica, Croatia, (2012)
http://eprints.ugd.edu.mk/1946/

**13.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Благица Колева
***Влијание на глобализацијата врз процесот на сметководствена хармонизација***
Прва меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии „Од либерализација до глобализација" - предизвици во светот што се менува, 13-15 септември, Штип (2012)
http://eprints.ugd.edu.mk/73/

**14.** Александар Костадиновски, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*
***Benefits of improving the financial reporting in Republic of Macedonia***
1 st International conference - South-East European Countries towards European Integration, 20 October, Elbasan – Albania (2012)
http://eprints.ugd.edu.mk/2199/

**15.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Благица Колева
***The impact of the global financial crisis on small and medium enterprises financing***
International Scientific Conference "Faces of the Crisis", March, "Europian University" Skopje (2012)
http://eprints.ugd.edu.mk/1791/

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од меѓународни научни конференции (во странство):***

**16.** Јанка Димитрова, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Александар Костадиновски
***Experts inclusion in the audit for better audit reports***
Јубилејна меѓународна научнопрактична конференција - Финансиите и финансиското сметководство - состојби, тенденции, перспективи, Стопанска академија „Д.А. Ценов", Свиштов, Бугарија (2013)
http://eprints.ugd.edu.mk/8482/

**17.** Весна Георгиева-Свртинов, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Александар Костадиновски
***The Impact of Financial Instability on FDI Dynamics.***
International Scientific Conference: "Finance and Economic Accounting-the Current Situation, Trends and Prospects, Svishtov, Bulgaria (2013)
http://eprints.ugd.edu.mk/8576/

**18.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Весна Георгиева-Свртинов, Јанка Димитрова
***The future of IFRS (Iinternational Financial Reporting Standrads).***
Јубилејна меѓународна научнопрактична конференција-Финансиите и финансиското сметководство-состојби,тенденции, перспективи, Стопанска академија Ценов, Свиштов, Бугарија, (2013)
http://eprints.ugd.edu.mk/8481/

**19.** Александар Костадиновски, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*
***Differences between International Financial Reporting Standards and Genarally Accepted Accounting Principles.***
Aktuelnosti - Journal of Social Issues (22). pp. 90-117 (2013)
http://eprints.ugd.edu.mk/7416/

**20.** Александар Костадиновски, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Јанка Димитрова
***The implications of European debt crisis on EU enlargement.***
The Future of Integration, the Future of the European Union, Svishov, Bulgaria, (2013)
http://eprints.ugd.edu.mk/7202/

**21.** Благица Јованова, Александар Костадиновски, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*
***Control and audit - tools for preventing economy frauds.***
Free University, Contemporary Managerial Practices VII. Projects and Regions, Burgas, (2012)
http://eprints.ugd.edu.mk/1712/

**22.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Александар Костадиновски
***Financial reporting quality and investment efficiency.***
Challenges in Contemporary Economy, IBS Press, Business School, Botevgrad, 2012
http://eprints.ugd.edu.mk/1800/

**23.** Благица Јованова, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*
***Financial statements as "Business card" of business.***
International Business School Botevgrad, Challenges in Contemporary Economy, IBS Press 2012
http://eprints.ugd.edu.mk/1718/

**24.** Благица Јованова, Александар Костадиновски, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*
***Opportunities for cooperation between Macedonia and Bulgaria in the field of tourism as a tool against poverty.***
International Conference "Regional Development in Bulgaria: Trends and perspektive" Sofija- Bulgaria, (2012)
http://eprints.ugd.edu.mk/1720/

**25.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Александар Костадиновски, Бладица Јованова
***Transition to international financial reporting standards – needs and problems.***
Contemporary managerial practices VII. projects and regions. University of Burgas, Burgas, Bulgaria, pp. 379-385, (2012)
http://eprints.ugd.edu.mk/1789/

**26.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*
***Financial Crisis and Access to Liquidity of Companies.***
Zbornik so trudovi od megunarodna naucna konferencija "Tendencii i predizvikatelstva v razvitieto na ikonomikata". Ekonomski fakultet Varna, NR Bugarija, pp. 89-96, (2012)
http://eprints.ugd.edu.mk/1784/

**27.** Емилија Митева-Кацарски, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*
***Benefits of trade facilitation as a simpler procedure for world trade growth***
Economics and Management in the 21-st Century-Solutions for Sustainability and Growth, Tsenov Academic Publishing House, pp. 188-194, (2011)
http://eprints.ugd.edu.mk/3144/

**28.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Емилија Митева-Кацарски
***Implementation of international financial reporting standards (IFRS) and their impact on economic growth.***
Economics and Management in the 21-st century-Solutions for Sustainability and Growth. Tsenov Academic Publishing House, Svishtov, Svishtov, Bulgaria, pp. 53-61, (2011)
http://eprints.ugd.edu.mk/1793/

**29.** Александар Костадиновски, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Благица Јованова
***Conflicts of interest in the accounting and auditing profession.***
Sovremenni upravlenski praktiki VII proekti i regioni, Burgas, (2012)
http://eprints.ugd.edu.mk/2158/

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од меѓународни научни конференции (во земјава):***

**30.** Јанка Димитрова, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Благица Колева
***Инвестициската клима во Република Македонија низ призмата на законската регулатива***
Зборник на научни трудови, Четврта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток - Запад“, Култура, славјанство и економија (2014)
http://eprints.ugd.edu.mk/10881/

**31.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Јанка Димитрова, Весна Георгиева-Свртинов
***Contribution and problems of foreign investment to sustainable development of developing countries.***
Зборник на научни трудови, Четврта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток - Запад“ (Култура, славјанство и економија), 1 (1). pp. 503-507 (2014)
http://eprints.ugd.edu.mk/10868/

**32.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Јанка Димитрова
***Strengthening global economic growth through regional cooperation.***
International conference “Regional Economic Cooperation in the Process of Globalization”, DU Tetovo (2013)
http://eprints.ugd.edu.mk/8701/

**33.** Јанка Димитрова, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Александар Костадиновски
***Задолженоста и неликвидноста – најгорлив проблем за македонските компании.***
Зборник, Четврта меѓународна научна конференција, „Меѓународен дијалог: Исток - Запад (култура, славјанство и економија)”, Славјански институт, Свети Николе (2013)
http://eprints.ugd.edu.mk/7623/

**34.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Александар Костадиновски
***The tax reforms in the Republic of Macedonia in the post-recession.***
International conference “The economy and business in post-recession”, October 29, 2010, Faculty of Economics, Prilep, Republic of Macedonia (2010)
http://eprints.ugd.edu.mk/1785/

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска се состои во:

- издавање на трудови во стручни (научно-популарни) списанија;
- издавање на трудови во зборници од стручни собири и активно учество во нивна презентација;
- учество во изготвување на стручни експертизи (вештачења од областа на материјално, финансиско и сметководствено работење);
- учество во проекти (од областа во која се бира);
- стекнати сертификати за: овластен проценител, овластено вешто лице од областа на сметководственото, финансиско и материјално работење, за обука за методологија на предавање;
- учество во факултетски комисии.

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во стручни (научно-популарни) списанија:***

**35.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Ивана Динева
***Извештај за финансиската состојба-подготовка и анализа.***
Годишен зборник 2014, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (2014)
http://eprints.ugd.edu.mk/11345/

**36.** Јанка Димитрова, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*
***Улогата на интерната ревизија за успешно менаџирање на компаниите.***
Годишен зборник 2013 - Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (2013)
http://eprints.ugd.edu.mk/10996/

**37.** Весна Георгиева-Свртинов, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Александар Костадиновски
***Прашања и дилеми во врска со капиталната либерализација-посебен осврт на Република Македонија.***
Годишен зборник 2013 - Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (2013)
http://eprints.ugd.edu.mk/10995/1/Zbornik_ekonomski%202013.pdf

**38.** Благица Колева, Александар Костадиновски, **Оливера Ѓоргиева-Трајковска**
***Видови на интерна ревизија на финансиското работење***
Годишен зборник 2012, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (2012)
https://e-lib.ugd.edu.mk/resursi/zbornici/ekonomski/Zbornik_ekonomski_2012.pdf

**39.** Александар Костадиновски, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*
***Планирање на трошоци за истражување и развој.***
Годишен зборник 2011, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (2011)
http://eprints.ugd.edu.mk/2248/

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од стручен собир во земјава:***

**40.** Ристо Фотов, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Весна Георгиева-Свртинов
***Подобрување на деловното одлучување преку ефикасно финансиско известување.***
Зборник на трудови „Економско-финансиската криза и сметководственото окружување - предизвици за сметководството, ревизијата и финансиите и позиционирањето на сметководствената професија“, ISSN 978-9989-747-32-8, Сојуз на сметководители, Струга (2013)
http://eprints.ugd.edu.mk/8155/

**41.** *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*, Јанка Димитрова
***Влијанието на глобалната финансиска криза врз сметководствената конвергенција.***
Зборник на трудови „Економско-финансиската криза и сметководственото окружување-предизвици за сметководството, ревизијата и финансиите и позиционирањето на сметководствената професија“,pp. 72-97. ISSN 978-9989-747-32-8, Сојуз на сметководители, Струга (2013).
http://eprints.ugd.edu.mk/8156/

**42.** Александар Костадиновски, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*
***Факторите за промена на сметководствената професија како глобална, оптшествена, економска, организациона и институционална активност.***
Зборник на трудови „Економско-финансиската криза и сметководственото окружување-предизвици за сметководството, ревизијата и финансиите и позиционирањето на сметководствената професија“. ISSN 978-9989-747-32-8, Сојуз на сметководители, Струга (2013)
http://eprints.ugd.edu.mk/8283/

**43.** Ристо Фотов, *Оливера Ѓоргиева-Трајковска*

***Конвергенција на финансиското известување во услови на глобализацијата и кризите како феномени на современиот развој.***

Зборник „Конвергенција на основите на финансиското известување во услови на економска криза и позиционирање на сметководствената професија во рамките на овој процес“. Сојуз на сметководители на Република Македонија, Струга, pp. 61-88. ISBN 978-9989-747-31-1, (2012)

http://eprints.ugd.edu.mk/1775/

Покрај објавените научноистражувачки и стручни трудови, кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска поседува и сертификати за учество и/или презентација на трудовите на значајни меѓународни конференции и симпозиуми во земјава и во странство, и тоа:

**44.** First International Conference for Business, Economy and Finance "*From Liberalization to Globalization: Challenges in a Changing World*", 3-5 September, 2012, Stip, Macedonia.
**45.** International Scientific Conference "*The Science and the Social Development*", 9 May, European University, Skopje, Macedonia.
**46.** Jubilee International Scientific Conference "*The Future of Integration, the Future of European Union*", 17 May, 2013, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov, Bulgaria.
**47.** XVIII Scientific Conference "*Regional Development and Demographic Flows of South-East European Countries*", 21 June, Faculty of Economics, Nis, Serbia.
**48.** Трета меѓународна научна конференција „*Промените во глобалното општество*“, Европски универзитет, Скопје, јуни 2013.
**49.** Međunarodni naučni skup "Racunovodstvo u teoriji I praksi“, Banja Luka, maj, 2013.
**50.** International Scientific Conference "*Regional Economic Cooperation in the Process of Globalization*", 6-7 December, 2013, State University of Tetovo, Macedonia.
**51.** 1st International Conference "*South-East European Countries toward European Integration*", 20th October 2012, Elbasan, Albania.
**52.** Меѓународна научна конференција „*Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите*", 14-15 јуни 2012, Европски универзитет, Скопје, Македонија.
**53.** International Jubilee Scientific Conference "*Economics and Management in the 21-st Century - Solutions for Sustainability and Growth*", 8-9 November, 2011 Svishtov, Bulgaria.

Во делот на стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, значајни се и нејзините **стручни унапредувања**, потврдени со поседување на:

**54.** Лиценца за вештачење од областа на материјално, сметководствено и финансиско работење, издадена на 15.6.2011 год. од страна на Министерството за правда на РМ. Врз основа на оваа лиценца, Д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска има учествувано, како носител или член, во изработка и решавање на голем број вештачења и супер вештачења за потребите на Бирото за судски вештачења-Скопје.
**55.** Уверение за положен испит за проценувач од областа на трговско друштво, јавно претпријатие и други правни лица, издадено на 5.11.2012 год. од страна на Министерството за економија на РМ. Кандидатката учествува во проценка на вредноста на капиталот на претријатија со општествен капитал.
**56.** Сертификат за посетување на обука за ментори (предавачи) за методологијата на предавање, наменета за обука на интерните ревизори во јавниот сектот во Република Македонија, издаден од страна на "The Chartered Institute of Public Finance & Accountancy", во Лондон, на 16.1.2013 год.
**57.** Сертификат за учество во работилница под наслов „*Активно учење во големи студентски групи - невозможност или предизвик*", одржана на 30.9.2010 год. во Штип, во организација на Американскиот совет во РМ и Македонско-американската алумни асоцијација.

Д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска учествувала во реализација на *меѓународниот проект*:

58. **TIAPS Macedonia -Training of Internal Auditors in Public Sector of Macedonia** (завршен проект)
http://eprints.ugd.edu.mk/10893/

Обуката на интерните ревизори во јавниот сектор во Република Македонија (ТИАПС) претставува програма наменета за зајакнување на професионалните квалификации во процесот на интерна ревизија во РМ. Проектот е дизајниран за да им помогне на вработените во јавниот сектор на РМ да ги применуваат меѓународните стандарди за финансиско известување и ревизија, со цел за подобрување на отчетноста во реформираниот јавен финансиски систем. Курикулумот за обуката е фокусиран на барањата предвидени со програмата за интеграција во ЕУ. Проектот се состои од четири интегрирани модули, преку кои се стекнува сертификат за интерен ревизор во јавен сектор и три интегрирани модули, преку кои се стекнува диплома за интерен ревизор во јавен сектор. Програмата нуди стекнување на меѓународно призната, професионална квалификација, под раководство на CEF - Center of excellence in finance од Словенија и CIPFA - Chartered Institute of Public Finance and Accountancy од Лондон. Партнер во спроведување на проектот е и Министерството за финансии на Република Македонија.

Во рамки на овој проект кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска учествувала како ментор на модулот PSAFR-Public sector accounting and financial reporting (Сметководство и финансиско известување во јавен сектор) и како преведувач на материјалот за спроведување на обуката од англиски јазик. Проектот е завршен во октомври 2014 година, со доделување на сертификатите на лицата кои ги положиле сите предвидени испити согласно со програмата.

Кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска во моментот учествува и во реализација на меѓународниот проект TIAPS 2, кој претставува продолжување на веќе реализираниот TIAPS. Периодот на реализација на овој проект е 2014 – 2016 год. (од причина што овој проект е во фаза на реализација, не е е земен предвид при вреднување на активностите во табелата на активности кои се бодуваат при избор во звања).

Кандидатката д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска учествувала и во подготовката на предлог-проектот изготвен од страна на тим од наставници од Економскиот факултет и поднесен до Фондот за научноистражувачка дејност на УГД за одобрување, под наслов *„Влијанието на квалитетното финансиско известување и корпоративно управување врз ефикасноста на инвестициите и пазарот на капитал во Република Македонија*".

**Кратка евалуација на трудовите**

**Евалуација на трудот бр. 4:**
***External debt as a fundamental problem of developing countries***
Во трудот авторите ги анализираат детерминантите на долгорочниот надворешен долг, на примерок составен од повеќе земји во развој. Во истражувањето авторите дошле до заклучок дека покрај стандардните економски варијабли, клучни фактори во објаснување на нивото на надворешниот долг на земјите се одредени институционални и социополитички варијабли. Всушност и големата должничка криза, како што истакнуваат авторите, се случи кога голем број сиромашни земји не беа способни да ги платат каматите на нивните странски долгови. Преку еден стратегиски пристап, авторите во трудот обезбедуваат препораки и предлози за надминување и решавање на надворешната задолженост на земјите во развој, како едно од клучните прашања во глобалната економија денес.

**Евалуација на трудот бр. 5:**
***Retrospective of Macedonian Capital Market for the Period 2004-2013***
Овој труд претставува ретроспектива на македонскиот пазар на капитал за периодот 2004-2013 година. Авторите во истражувањето тргнуваат од фактот дека инвестициите

на пазарот на капитал зависат од моменталната политичка состојба во земјата, како и од вкупните движења и случувања во глобалната економија. Во државите со нестабилна политичка ситуација активностите на пазарот на капитал опаѓаат, за разлика од политички стабилните земји, каде што операциите на овој пазар се одвиваат континуирано и претставуваат огледало и барометар на општиот економски развој на земјата. Генералниот заклучок на авторите, изведен од истражувањето, е дека компаниите во Република Македонија не поседуваат доволно познавања во врска со регулативата и постапките поврзани со издавање на акции и останати хартии од вредност. За оваа цел, истакнуваат авторите, неопходна е екстензивна кампања преку печатените и електронски медиуми, подготовка на водичи и брошури, организирање на панел дискусии, индивидуални посети и сл. Не помалку важна е и соработката со индивидуалните физички и правни лица, кои претставуваат потенцијални инвеститори и чии заштеди би можеле да бидат искористени во инвестирање во акции и останати хартии од вредност, наместо чувани под перница или во банка. Истите тие потенцијални инвеститори би требало да прифатат и да започнат да ги користат услугите на професионалните советници за инвестиции, заради диверзификација на ризикот и минимизирање на загубите од инвестирањето.

**Евалуација на трудот бр. 6:**
***Cost and Benefits of Adopting Euro***

Во овој труд авторите ги истражуваат условите под кои е исплатливо да се партиципира во валутно подрачје. Се анализираат одредени клучни споредби кои може да се направат помеѓу Европа и САД, како и клучните чекори кои креаторите на политиките би требало да ги преземат, со цел Европа да се приближи кон исполнување на критериумите за оптимално валутно подрачје. Целта на авторите во трудот е да се истражат како трошоците, така и користите од формирање на Европската монетарна унија. Крајниот заклучок од истражувањето е дека еврозоната не претставува оптимално валутно подрачје, иако значителен напредок е постигнат со воведување на еврото, во поглед на конвергенција на инфлацијата, финансиската интеграција и интензивирање на интратрговската размена. И покрај ова, авторите заклучуваат дека критериумите како што се мобилност на работната сила, флексибилност на платите, фискална и политичка интеграција, се далеку од задоволувачки.

**Евалуација на трудот бр. 7:**
***Effective financial reporting as a knowledge for boosting the economic growth***

Авторите во трудот ја анализираат важноста на ефикасното финансиско известување за одржливиот економски развој на една земја. Висококвалитетното корпоративно известување игра витална улога во унапредување на транспарентноста, олеснување на мобилизацијата на домашни и странски инвестиции, креирање на ефикасно инвестициско опкружување, зајакнување на довербата на инвеститорите, сето тоа во функција на промовирање на финансиската стабилност. Ефикасниот и меѓународно споредлив систем на финансиско известување го олеснува меѓународното движење на капиталот, во исто време намалувајќи ја корупцијата и недостаоците во управувањето со ресурсите.

**Евалуација на трудот бр. 8:**
***Моралните вредности, информацијата и науката***

Во центарот на современото општество, економските турбуленции и технолошкиот развој не се природните ресурси и природни благосостојба, туку информацијата, нагласуваат авторите. Во современата ера на глобализација, безжична технологија, иновации и зголемената конкуренција, се чини дека контролата на информации е креативната сила. Но, прашањето е како да се пренасочи информацијата во креативност. Креативноста е ментален и социјален процес кој се користи за генерирање на идеи, концепти и здруженија кои водат кон експлоатација на нови идеи.

**Евалуација на трудот бр. 9:**

***The implications of global financial crisis on developing countries-with special reference to Macedonia***

Авторите во трудот ги анализираат импликациите на глобалната финансиска криза врз земјите во развој, со посебен осврт на Република Македонија. Хиерархиската и асиметрична природа на сегашната меѓународна финансиска и монетарна архитектура, предизвика движењата предизвикани од глобалната финансиска криза да демонстрираат многу поголеми дестабилизирачки ефекти на пазарите на земјите во развој. Авторите истакнуваат дека глобалната финансиска и економска криза ја потенцираа потребата од големи реформи во системот на глобално економско управување. Таквите реформи се неопходни со цел да се намали предоминантното влијание на финансиските пазари во одредувањето на условите врз основа на кои владите ги дизајнираат нивните макроекономски и развојни политики. Авторите сугерираат дека во земјите во развој, па и во Република Македонија, капиталните контроли би можеле да помогнат во стабилизирање на инвестициите во реални производствени капацитети и нивна успешна интеграција во глобалната економија.

**Евалуација на трудот бр. 10:**

***Attractiveness of accounting profession***

Акцент во овој труд авторите ствaат на улогата на сметководителот и сметководствената професија во вкупниот економски развој на земјата. Авторите истакнуваат дека дефинициите за сметководството и неговата улога варираат низ земјите во светот и стануваат сè поразлични, со сè поголемата инволвираност на сметководителите во процесот на стратегиското деловно одлучување, креирање на нова вредност, како и развој на нови бизнис можности. Авторите заклучуваат дека оваа професија станува сè поатрактивна и профитабилна и за младите луѓе и дека независно од работата што ја вршат сите поединци треба да имаат познавање од неа. Сметководството е основа на секој бизнис и без познавање на сметководствените принципи студентите не можат да бидат подготвени за реалниот свет.

**Евалуација на трудот бр. 11:**

***Implementation of global IFRS in the national accounting regulations, with special reference to Macedonia***

Процесот на прифаќање на МСФИ се наметнува со барањата на националните сметководствени регулативи на земјите, со цел хармонизација на финансиското известување и презентација на финансиските извештаи за потребите на екстерните корисници. Во овој труд авторите го анализираат процесот на имплементација на МСФИ во националните сметководствени регулативи, со посебен осврт врз овој процес во Република Македонија. Конвергенцијата од национални кон МСФИ претставува многу повеќе од промена во сметководствените правила, така што компаниите мора да разберат како сметководствените разлики помеѓу националните и меѓународни сметководствени стандарди може да влијаат врз ефикасноста на нивното финансиско известување. Авторите потенцираат дека прифаќањето на МСФИ претставува неопходен елемент во процесот на создавање на интегриран, конкурентен и атрактивен европски пазар на капитал, а во исто време и основа за подготовка и презентација на консолидирани финансиски извештаи на глобалните мултинационални компании. Според законската регулатива во Република Македонија, сите легални ентитети, вклучувајќи ги големите, средните, банките и осигурителните компании, како и компаниите кои котираат на Македонската берза, задолжително ги подготвуваат нивните финансиски извештаи во согласност со прифатените МСФИ и МСС, објавени во „Службен весник на РМ".

**Евалуација на трудот бр. 12:**

***Факторите на влијание врз перформансите на здравствената работна сила***

Човечките ресурси во здравствената заштита се централни во управување и испорака на здравствените услуги. Перформансите на секоја организација зависат од достапноста,

напорот и миксот на вештини на нејзината работна сила. Условите на ангажирање на работната сила ги вклучуваат елементите, како што се работните услови, надоместот и бенефициите. Авторите во трудот истакнуваат дека здравствена работна сила со добра изведба е онаа која работи на начин којшто е одговорен, праведен и ефикасен во постигнување на најдобрите можни здравствени резултати, при дадени расположливи ресурси и околности.

**Евалуација на трудот бр. 13:**
***Why IFRS – reasons for transition***

Авторите во трудот го обработуваат прашањето – зошто да се применат МСФИ во националната сметководствена регулатива на една земја? Основната цел на транзицијата кон примена на МСФИ е апликација на единствен сет на глобални сметководствени стандарди, кои ќе произведат висококвалитетни, веродостојни и транспарентни финансиски информации, кои понатаму ќе претставуваат солидна основа за донесување на економски одлуки од страна на инвеститорите и останати стејкхолдери. Преку конзистентна примена на овие стандарди кои резултираат во генерирање на компарабилни финансиски информации, инвеститорите и аналитичарите го скратуваат времето потребно за донесување ефикасни одлуки за алокација на капиталот. Постоењето на единствен сметководствен јазик, потенцираат авторите, ги намалува трошоците за подготовка и презентација на финансиските извештаи, како и нивна ревизија.

**Евалуација на трудот бр. 14:**
***The role of promotion in creation of positive accounting firm image***

Во овој труд авторите ги анализираат начините на кои може да се промовира една сметководствена компанија. Целта на ваквата промоција е развојот на поголеми и поконкурентни сметководствени компании, како и нивна интернационализација, преку што значително би се зајакнал капацитетот на националната сметководствена професија во поддршка на развојот на земјата, нејзините реформи и социјално-економски развој. Истражувањата на авторите покажуваат дека интересот на компаниите кои се занимаваат со различни форми на бизнис за сметководствените услуги е на значително ниско ниво. За оваа цел сметководителите треба да понудат сметководствени услуги кои се интересни за менаџерите на компаниите, преку различни начини на нивна промоција: социјални мрежи, електронска пошта, понуди во различни пишани и електронски медиуми и сл.

**Евалуација на трудот бр. 15:**
***Internal Audit in Banks in a Function of Risk Management***

Авторите во овој труд ја анализираат внатрешната ревизија во банките, како независна активност која обезбедува објективно и стручно мислење за нивното работење, кое е советодавно по карактер и чијашто основна цел е зголемување на вредноста и подобрување на работењето на банката. Филозофијата на внатрешната ревизија се согледува во континуираното следење на целокупното работење на банката, со цел да се провери дали банката систематски управува со ризиците кои произлегуваат од оперативните активности на банката, во согласност со принципите на стабилно работење, вклучувајќи управување со ресурсите на информациската технологија и други поврзани технологии.

**Евалуација на трудот бр. 16:**
***Влијание на глобализацијата врз процесот на сметководствена хармонизација***

Авторите во трудот го анализираат влијанието на глобализацијата врз процесот на сметководствената хармонизација, како и врз сметководствените системи и сметководствени професионалци. Глобализацијата претставува историски процес, дизајниран од потребата за зголемување на ефикасноста во алокација на ресурсите и развој на глобален светски пазар. Глобализацијата постанува нова димензија на светот. Главна цел на ова истражување е анализа на консеквенциите кои глобализацијата, преку нејзиниот развој и манифестации, ги предизвикува на полето на сметководството. Авторите потврдуваат дека сметководствениот систем има витална улога во целокупниот информативен процес

во општеството и затоа се нарекува „заеднички јазик на бизнисот". Со ова се потврдува уште еднаш важноста на процесот на сметководствена хармонизација во комплексниот механизам на промени и движења, кои ги носи современата глобализација.

**Евалуација на трудот бр. 17:**
***Benefits of improving the financial reporting in Republic of Macedonia***

Авторите во овој труд потенцираат дека квалитетното и транспарентно финансиско известување е основа за функционална пазарна економија, како и за здрав финансиски систем. Квалитетот на финансиското известување во Република Македонија е детерминиран од усвојувањето и примената на унифицираните меѓународни стандарди и етички принципи за финансиско известување (МСФИ и МСС). Авторите ги анализираат активностите и дејствијата потребни за остварување на ваквите цели, како што се подобрување на регулаторната и институционална рамка за финансиско известување, квалитативна поддршка на сметководствената и ревизорската професија, како и поддршка на образованието, обуката и јавната доверба во финансиското известување.

**Евалуација на трудот бр. 18:**
***The impact of the global financial crisis on small and medium enterprises financing***

Во овој труд авторите го анализираат влијанието кое глобалната финансиска криза го има врз малите и средни претпријатија, како основни носители на економскиот развој во земјите во развој. Актуелниот проблем кај малите и средни претпријатија, поврзан со обезбедување на доволно финансиски средства, претставува заеднички предизвик за сите финансиски институции. Одтука, се бараат решенија како да се обезбедат доволно финансиски средства за финансирање на работењето на малите и средните претпријатија, како да се олесни нивниот пристап до овие финансиски средства и како да се пронајдат финансиски шеми со кои ќе се промовира нивниот одржлив развој. Практиката покажува дека многу мали и средни претпријатија секојдневно банкротираат, токму поради недостаток на извори за финансирање на работењето, предизвикан од сериозната финансиска и економска криза со која се соочува светската економија.

**Евалуација на трудот бр. 19:**
***Experts inclusion in the audit for better audit reports***

Овој труд претставува обид на авторите за дефинирање на улогата на експертите (како индивидуални лица или организации) во креирање на квалитетни ревизорски извештаи. И покрај вклучувањето на експерти од различни области во процесот на ревизија, сепак одговорноста за даденото мислење во поглед на квалитетот и веродостојноста на финансиските извештаи останува на ревизорот, истакнуваат авторите. Ревизорот е тој кој одлучува дали ќе вклучи, и во околности, експерт во одредена област, кој ќе даде придонес во креирање на квалитетен ревизорски извештај, оценувајќи ја неговата стручност, компетентност и објективност. Иако ретко, сепак во практиката се случува да ревизорите ангажираат експерти, во одредени области во кои тие немаат целосни познавања.

**Евалуација на трудот бр. 20:**
***The Impact of Financial Instability on FDI Dynamics.***

Главна цел на авторите во овој труд претставува анализирање на влијанието на финансиската нестабилност врз динамиката на странските директни инвестиции и обратно. Постои широко прифатено мислење помеѓу економските аналитичари и креаторите на политиките дека странските директни инвестиции се многу постабилни во однос на сите останати капитални текови, во периоди на финансиски кризи. Нивната стабилност се заснова на фактот дека тие многу потешко може да се повлечат од одредена земја, за разлика од другите инвестиции. Меѓутоа, нагласуваат авторите, ситуацијата е поинаква во текот на последната глобална финансиска криза, која предизвика колапс на глобалните текови на странските директни инвестиции. Овие инвестиции бележеа побрз и позначителен пад во однос на останатите текови на капитал, што покажува дека тие и не се така стабилни како што се мислело и дека можат да демонстрираат волатилност, како и останатите форми на капитални текови, во услови кога глобалната економија се соочува со значителна финансиска нестабилност.

**Евалуација на трудот бр. 21:**
***The future of IFRS (Iinternational Financial Reporting Standrads)***

Во трудот е обработено прашањето на прифаќање на МСФИ во националните сметководтвени практики на земјите и предностите кои ги носи нивната имплементација. Прекуграничните бизниси имаат корист од примената на МСФИ која се одразува во намалени трошоци и многу полесна споредба на постигнатите резултати помеѓу комапниите од различни земји. Ова, како последица води кон зголемена пазарна ефикасност и намалување на трошоците за позајмување на капитал од страна на компаниите, што ултимативно води кон забрзување на економскиот развој. И Одборот за МСС и останатите меѓународни сметководствени асоцијации постојано потенцираат дека инветиторите треба да го имаат централното место во процесот на креирање на глобално прифатливи МСФИ и МСС.

**Евалуација на трудот бр. 22:**
***Differences between International Financial Reporting Standards and Genarally Accepted Accounting Principles***

Авторите во овој труд укажуваат дека унифицираните сметководствени стандарди го подобруваат функционирањето на глобалните пазари на капитал, преку обезбедување подобра информираност на инвеститорите и другите корисници на финансиските извештаи (стејкхолдери). Примената на општоприфатените меѓународни сметководствени стандарди ги намалува трошоците за подготовка и толкување на финансиските извештаи и придонесува за намалување на трошокот на капиталот. Инвестирањето во растечките пазари ја наметнува потребата од познавање на двата светски глобални сметководствени системи: Општоприфатените сметководствени принципи (ОПСП) и Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ). Во трудот авторите потенцираат дека двата основни сметководствени системи имаат неколку разлики помеѓу нив кои можат да влијаат на резултатите, и на кои активно се работи, заради нивно надминување и креирање на општоприфатен глобален систем на сметководствени стандарди.

**Евалуација на трудот бр. 23:**
***The implications of European debt crisis on EU enlargement***

Во трудот авторите подвлекуваат дека должничката криза во Европската унија е резултат на неспособноста на некои земји да воспостават контрола над растечкиот јавен долг, кој создаде огромен притисок врз стабилноста и опстанокот на процесот за понатамошно европско проширување. Според авторите континуираната финансиска поддршка (од ММФ, Европската централна банка и ЕУ) за јужноевропските земји, како што се Грција, Португалија и Шпанија, не ги продуцираше саканите ефекти. Покрај тоа, високиот степен на зависност на грчкиот финансиски пазар од банките на Кипар ја стави земјата и ЕУ во исклучително тешка положба. Авторите сметаат дека актуелната криза постави сериозни предизвици и сомнежи во врска со кохезијата и идната интеграција на Унијата.

**Евалуација на трудот бр. 24:**
***Control and audit - tools for preventing economy frauds***

Во овој труд авторите ја разгледуваат интеракцијата која постои помеѓу сметководството, ревизијата и контролата. Сметководството како информативен и контролен систем извршува голем број функции во една компанија. Независно од карактерот и содржината на функциите на сметководството, посебно место меѓу нив има контролата. Од една страна, сметководството спроведува контрола врз расположивите средства во организацијата, а од друга страна се користи како алатка за обезбедување на информации неопходни при надворешена и внатрешна контрола и ревизија на работењето. Ова од причина што податоците и информациите кои ги генерира сметководствениот систем имаат суштинско значење за прибирање на факти и докази при контролната активност. Ревизијата и контролата несомнено имаат суштинско значење за подобрување на вкупните перформанси на организацијата и активностите кои се конкретно насочени кон надминување на слабостите во нејзиното работење. Ревизијата, како и контролата, се

практики добро познати во секоја современа организација. Тие користат различни техники, методи и средства, со чие користење може да се придонесе за намалување, спречување, избегнување или откривање на економските измами.

**Евалуација на трудот бр. 25:**
***Financial reporting quality and investment efficiency***

Предмет на анализа во овој труд претставува врската помеѓу квалитетното финансиско известување и ефикасноста на инвестиционите одлуки. На веродостојното и транспаретно финансиско и корпоративно известување во денешни услови му се посветува внимание како никогаш досега. Условите на работење на националните и меѓународни пазари, како и честите неуспеси на компаниите, сè повеќе ги нагласуваат потребите од транспарентност и ефикасност на процесот на генерирање и презентирање на финансиските информации. Транспарентноста е неопходна со цел да се задоволат барањата на регулаторните и државни власти, додека ефикасноста е важна заради овозможување на компаниите да одговорат брзо на промените на пазарните услови и да ги исполнат барањата на инвеститорите и аналитичарите. Авторите заклучуваат дека користите од стандардизирано и висококвалитетно финансиско известување се: пониски трошоци за подготовка на финансиските информации, едноставен и брз пристап до меѓународно признати информации, стандардизирани информации кои лесно се препознаваат и разбираат од сите корисници, високо ниво на транспарентност која се бара од регулаторите засилени аналитички можности и, најважно од сè, донесување на информирани и ефикасни економски одлуки.

**Евалуација на трудот бр. 26:**
***Financial statements as "Business card" of business***

Авторите во овој труд ги набљудуваат финансиските извештаи како корисна алатка за прикажување на економската реалност за работењето на деловните субјекти, неопходно потребна како на врвниот менаџмент на компанијата, така и на сите останати корисници (стејкхолдери). Финансискиот извештај претставува не само слика со која се претставува состојбата на организацијата во даден момент, но и алатка врз основа на која се спроведуваат анализи и се одлучува за важни трансакции или инвестиции во компанијата. Анализата на финансиските извештаи помага во јасно согледување на финансиската состојба, перформанси, парични текови и капитал на едно претпријатие, врз основа на која се донесуваат главните одлуки за иднината на деловниот субјект. Авторите во трудот ги обработуваат главните квалитативни карактеристики кои треба да ги поседуваат финансиските извештаи: квалитативно проверени, релевантни, навремени, верифицирани и веродостојни, непристрасни финансиски информации, ослободени од секакви предрасуди. Овие атрибути претставуваат основа за анализа на финансиските извештаи на компанијата и изведување заклучоци за три временски димензии на нејзиното работење: минатото, сегашноста и иднината.

**Евалуација на трудот бр. 27:**
***Opportunities for cooperation between Macedonia and Bulgaria in the field of tourism as a tool against poverty***

Во овој труд се анализирани можностите за воспоставување на заеднички иницијативи во областа на туризмот помеѓу Република Бугарија и Република Македонија. Основната цел е туристичката понуда од страна на двете земји да биде на високо ниво, а од друга страна да се постигне целосно задоволување на туристичката побарувачка, со што ќе се зголеми вработеноста во туристичките региони на двете земји, како ефикасно средство за надминување на сиромаштијата. Според наодите на авторите, развојот на туризмот треба да се заснова покрај на изградба на физичката инфраструктура, така и на елементи од областа на т.н. "soft elements" на развој: квалитет на туристичките услуги во најширока смисла, развој на човечките ресурси, промоција на креативноста и иновацијата. Соодветно на ова, основната стратегија за развој на туризмот мора да биде дизајнирана така што ќе се земе предвид интеграција на сите потребни елементи на локално, регионално и национално ниво.

**Евалуација на трудот бр. 28:**

***Transition to International financial reporting standards – needs and problems***

Во овој труд се анализирани потребите и проблемите поврзани со процесот на конвергенција на финансиското известување на националните земји кон примена на МСФИ. Авторите нагласуваат дека напорите за успешна примена на МСФИ во сметководствените практики на одделните земји се поврзани со потребата од дефинирање на целосна стратегија за спроведување на овој процес, креирање на чекор-по чекор план, ангажирање на сите потребни ресурси за негова реализација и интеграција на промените во секојдневните активности на компаниите. Висококвалитетните Меѓународни стандарди за финансиско известување ја зголемуваат споредбата помеѓу финансиските извештаи на компаниите од различни земји, како и довербата на инвеститорите во носењето на деловните одлуки.

**Евалуација на трудот бр. 29:**

***Financial Crisis and Access to Liquidity of Companies***

Авторот во овој труд нагласува дека финансиската криза која започна во 2007 година е една од најдраматичните во последните неколку децении и истата иницира многубројни прашања за креаторите на политиките на секоја земја, за практичарите и академската јавност. Едно од овие прашање се однесува на влијанието на финансиската криза врз пристапот до ликвидни средства на компаниите. Банките се најважните извори на средства за финансирање на компаниите во време на криза. Авторот потенцира дека мора да се анализира како финансискиот систем на една земја може да ја обезбеди ликвидноста на економијата ефикасно и да се разбере улогата на банките во подобрување на алокацијата на ресурсите и одржувањето на финансиската стабилност на економијата.

**Евалуација на трудот бр. 30:**

***Benefits of trade facilitation as a simpler procedure for world trade growth***

Авторите во овој труд анализираат различни аспекти на олеснувањето на трговијата како процес на поедноставување и хармонизирање на меѓународните трговски процедури. Олеснувањето на трговијата како концепт, според авторите, е насочено кон намалување на комплексноста и трошоците на трговските процедури. Придобивките од олеснувањето на трговијата за бизнис заедницата, според авторите, се манифестирани преку зголемена конкурентност на националните и меѓународните пазари, како резултат на намалените одложувања и трошоци постигнати преку предвидливо и ефикасно движење на стоките преку граница. Според авторите, развојната димензија на олеснувањето на трговијата е од круцијално значење, посебно за земјите во развој, кои се соочени со комплицирани трговски процедури и во голема мера зависни од ефективната наплата на царинските приходи.

**Евалуација на трудот бр. 31:**

***Implementation of international financial reporting standards (IFRS) and their impact on economic growth***

Во овој труд авторите ги анализираат меѓународните стандарди за финансиско известување, нивното имплементирање и влијание врз економскиот раст. Потребата од ваквата анализа особено беше актуализирана во услови на глобалната економска криза, која сигнализираше голем број учесници на финансискиот пазар да го преиспитаат нивното управување, практики и стандарди. Притоа, акцентот е поставен на ефективното финансиско известување, кое според авторите во голема мера е детерминирано од квалитетот на сметководствените стандарди, како и од примената на истите. Поради глобалната природа на финансиските пазари, според авторите многу е важно да се постигне висок квалитет на глобалните стандарди за финансиско известување, кои би обезбедиле доследни, транспарентни и релевантни информации, без оглед на географската локација на деловниот ентитет. Преку имплементирање на овие стандарди, според авторите, компаниите би биле во можност да ги споредат финансиските резултати во различни земји, додека пак инвеститорите би истражувале дополнителни меѓународни можности.

**Евалуација на трудот бр. 32:**
***Conflicts of interest in the accounting and auditing profession***

Во овој труд авторите ги анализираат спротивностите кои може да се јават помеѓу сметководствената и ревизорската професија. Ваквите анализи авторите ги темелат на ревизорските неуспеси да се детектираат проблемите во големите корпорации (Енрон, Пармалат, WorldCom, HIH, но и на светкиот сметководствен и ревизорски гигант Артур Андерсен), кои доведоа до нивно пропаѓање, но и до загрозување на довербата на интересните групи во транспарентноста, интегритетот и одговорноста на сметководителите и ревизорите. Авторите ги потенцираат карактеристиките кои мора да ги поседуваат двете професии, а тоа е да понудат сигурност дека издадените сметководствени извештаи нудат објективно презентирање на промените предизвикани од финансиските настани и трансакции во работењето на претпријатијата.

**Евалуација на трудот бр. 33:**
***Инвестициската клима во Република Македонија низ призмата на законската регулатива***

За остварување на прогрес и развој во стопанството, истакнуваат авторите на овој труд, инвестициите претставуваат неопходен услов. Без инвестиции нема технолошки прогрес, ниту напредок во целост. Инвестирањето претставува единствен начин за реализирање на целите на развојот. За да може едно општество да опстојува, а пред сè да се развива, потребно е перманентно да создава производни добра и услуги за задоволување на потребите на населението. Преку законската регулатива во која влегуваат: царинската, даночната и надворешно-трговската политика што ја води Република Македонија се создаваат поволни услови за зголемување на инвестициите, како од страна на домашните инвеститори, така и од странски инвеститори на територијата на целата земја, а посебно во технолошко-индустриски развојни зони.

**Евалуација на трудот бр. 34:**
***Contribution and problems of foreign investment to sustainable development of developing countries***

Авторите во овој труд истакнуваат дека влијанието на странските директни инвестиции врз вкупното инвестирање во домашната економија е значително повисоко од она на останатите капитални текови. Покрај евидентните директни ефекти на СДИ врз инвестирањето, постојат и индиректни ефекти, кои можат да бидат позитивни и негативни. Според авторите, денес процесот на економска либерализација, подобрени транспортни и комуникациски системи и зголемувањето на глобалната побарувачка за стоки, како што се енергија, минерални ресурси и земјоделски производи, го потенцираа значењето и зголемувањето на инвестициите во поврзани проекти со обезбедување на наведените стоки, посебно во земјите во развој. Затоа, заклучуваат авторите, владите на земјите мораат внимателно да ги проценуваат условите и последиците на инвестиционите проекти, како и обемот во кој истите придонесуваат или пак го спречуваат одржливиот економски развој, намалувањето на сиромаштијата и заштитата на околината.

**Евалуација на трудот бр. 35:**
***Strengthening global economic growth through regional cooperation***

Глобализацијата претставува комплексен, мултидимензионален процес, преку кој стоките и услугите, луѓето, информациите, капиталот и идеите ги минуваат националните граници, водејќи кон сè поголема интеграција на економиите и општествата. Авторите нагласуваат дека овој процес на глобализација станува контроверзен, поради досега невидената дистрибуција на користите, како и негативните влијанија во земјите каде што глобализацијата предизвика загуби на работни места, зголемување на диспаритетот во приходите и многу предизвици поврзани со заштита на животната средина. Во услови на растечка, глобална економска зависност, регионалната соработка им нуди на земјите ефикасна алатка за постигнување на побрз економски развој. Авторите во овој труд ги истражуваат начините преку кои регионалната соработка може да придонесе за развојот

и на регионалните и на националните интереси и просперитет на земјите. Авторите нагласуваат дека регионалните иницијативи ги зајакнуваат можностите и перспективите на земјите и нивното вклопување во глобалниот свет, а од друга страна индиректно, регионалните иницијативи овозможуваат и остварување на глобалните цели, доколку ваквите иницијативи се ориентирани во правец на нивна реализација.

**Евалуација на трудот бр. 36:**
***Задолженоста и неликвидноста – најгорлив проблем за македонските компании***

Ограничената домашна потрошувачка, намалениот извоз и сѐ поголемата увозна зависност на македонските компании, неминовно доведоа до пад на индустриското производство, намален извоз на стоки и услуги, намалена вработеност во реалниот сектор и намалување на бруто домашниот производ. Статистичките показатели претставени низ призмата на Народна банка на Република Македонија покажуваат дека континуирано расте бројот на правни лица кои се затвораат со стечајна постапка, а од година во година континуирано се намалува вкупниот број на правни лица. Авторите истакнуваат дека посебно загрижува фактот дека последните години значително се зголемува бројот на правни лица со блокирани сметки на крајот од годината. Ваквите поразителни бројки зборуваат дека кај македонските компании се јавува сериозно нарушување на ликвидноста, односно способноста навреме да си ги плаќаат достасаните обврски, што пак истовремено покажува дека континуирано се зголемува нивната задолженост. Поради високата неликвидност и задолженост на македонското стопанство, авторите потенцираат дека е потребно преземање системски мерки за поттикнување на економските активности во насока на: поттикнување на производството; поттикнување на домашната потрошувачка и на извозот, како и останати мерки за подобрување на ликвидноста на компаниите (како што е воведувањето на задолжницата и Законот за финансиска дисциплина, од што ефектите ќе се оценуваат во иднина).

**Евалуација на трудот бр. 37:**
***The tax reforms in the Republic of Macedonia in the post-recession***

Современ даночен систем и ефикасна даночна администрација се основа за економски развој на секоја земја, истакнуваат авторите во трудот. Последните реформи во даночниот систем на Република Македонија, кои вклучуваат пониски даноци и модернизација на даночната администрација, водат кон креирање на модерен, едноставен, транспарентен и фер даночен систем, кој придонесува за подобрување на бизнис климата во земјата. Авторите сметаат дека е потребен понатамошен развој на даночната администрација во земјата, во поглед на менаџментот на човечките ресурси и зајакнување на знаењето. Управата за јавни приходи треба да ги подобри своите ревизорски перформанси и да ја гради репутацијата на институција која се одликува со намалено политичко влијание и коруптивни елементи. Ваквиот приод ќе доведе до поефикасно администрирање на даночните закони и полесно справување со новите даночни предизвици, поуспешна комуникација со даночните власти на останатите земји, како и хармонизација со директивите на Европската унија.

**Евалуација на трудот бр. 38:**
***Извештај за финансиската состојба - подготовка и анализа***

Предмет на обработка во трудот е билансот на состојба. Во финансиското сметководство билансот на состојба или како што сѐ почесто се среќава – извештајот за финансиска состојба, претставува преглед на сите средства, обврски и капитал на една компанија. Тој претставува слика за финансиската состојба на компанијата во еден момент. Сочинувањето на извештајот за финансиска состојба се заснова на основниот принцип на билансна рамнотежа, што значи дека вредноста на вкупните средства мора да биде еднаква на вкупните обврски на компанијата. Содржината на одделните ставки во извештајот за финансиска состојба се разликува кај различните компании и индустрии, па така, не постои шаблон кој прецизно би се почитувал од страна на различните видови на бизниси. Секој извештај за финансиска состојба го одразува карактерот на дејноста, големината и комплексноста на работење на компанијата за која се однесува.

**Евалуација на трудот бр. 39:**
***Улогата на интерната ревизија за успешно менаџирање на компаниите***

Менаџментот на компаниите континуирано е фокусиран кон економично, ефикасно и ефективно работење на компаниите, во функција на остварување на најдобри можни финансиски резултати кои ги очекуваат стејкхолдерите. Авторите во трудот потенцираат дека за остварување на поставените цели, еден од организациските сегменти што треба да бидат воспоставени е и секторот за интерна ревизија, кој треба да функционира независно и да располага со ресурси (човечки, технички и софтверски) кои ќе овозможат континуирано следење на работењето на компанијата и ќе резултираат со насоки и препораки за надминување на пропусти, грешки и измами, доколку се појават. Интерните и екстерните ревизори имаат бројни сличности и разлики, но во суштина и на едните и на другите целта им е да се откријат недостатоците и грешките во функција на поуспешно работење и вистинско и објективно финансиско известување.

**Евалуација на трудот бр. 40:**
***Прашања и дилеми во врска со капиталната либерализација - посебен осврт на Република Македонија***

Во последниве децении капиталната либерализација е предмет на интензивни академски расправи, дебати и истражувања во бројни студии. Авторите сметаат дека главната предност на контролите на капиталните движења е тоа што тие го решаваат проблемот на т.н. „трилема” или невозможно тројство во монетарната политика, според кое земјата во исто време не може да дозволи слободно движење на капиталот, фиксен девизен курс и независна монетарна политика. Според тоа, капиталните контроли овозможуваат водење на автономна монетарна политика, т.е. можност да се создаде разлика помеѓу домашните и странските каматни стапки. Заклучокот се покажува како релевантен и за македонската економија. Основна цел на овој труд е да дискутира некои дилеми врзани за либерализацијата на капиталните текови во Р. Македонија - динамиката, неопходните чекори и реформи, предностите и опасностите што со себе ги носи процесот на капитална либерализација. Во трудот авторите најпрво укажуваат на искуствата на некои земји во развој во имплементирањето на процесот на капитална либерализација, а потоа поопстојно се задржуваат на Р. Македонија, т.е. на прашањата за степенот на глобализација на македонската економија, динамиката на капитална либерализација и импликациите врз девизниот курс.

**Евалуација на трудот бр. 41:**
***Видови на интерна ревизија на финансиското работење***

Авторите во трудот нагласуваат дека од особена важност за контролата на финансиското работење во компаниите е да постои добра организациска поставеност, соодветна документација и адекватен начин на проверка на документацијата. Мотивот за оваа контрола, главно, доаѓа од почитувањето на законитоста во работењето и деловниот морал при располагањето со средствата и остварувањето, односно распределбата на добивката и ефикасноста на работењето. Според авторите ревизијата на финансиското работење, која во компаниите ја врши интерната ревизија, треба да ги опфаќа следниве испитувања: ревизија на касовото работење; ревизија на работењето со финансиските средства преку сметките во деловните банки; ревизија на работењето со девизните средства; ревизија на работењето со хартиите од вредност (меници, чекови, акции, обврзници и сл.); ревизија на побарувањата од купувачите и другите побарувања од деловните односи.

**Евалуација на трудот бр. 42:**
***Планирање на трошоци за истражување и развој***

Планирањето и употребата на средствата за истражување и развој во една компанија претставува една од нејзините главни задачи во конкурентното опкружување. Глобалното знаење и производите во областа на истражувањето и развојот нудат огромни можности за компаниите, меѓутоа интерните политики на менаџментот одредуваат дали истите ќе бидат искористени како конкурентна предност. Истражувањето и развојот овозможуваат

подобрување на квалитетот на стоките и услугите, во насока на задоволување на потребите и желбите на потрошувачите, со што се зголемува и продажбата. Истражувањето им помага на менаџерите во решавање на специфични проблеми во нивната организација кои ќе придонесат кон подобрување на перформансите. За задоволување на ваквите потреби се неопходни дополнителни средства за истражување и развој, за што е потребна анализа во врска со ефикасна алокација на ресурсите за оваа намена.

**Евалуација на трудот бр. 43:**

***Подобрување на деловното одлучување преку ефикасно финансиско известување***

Сè повеќе евидентен е фактот дека за да останат конкурентни, организациите мораат да ја зголемат релевантноста на информациите кои ги обезбедуваат преку нивните финансиски системи за известување. Авторите во трудот истакнуваат дека финансиското известување не е цел за себе. Тоа е средство за комуницирање кое им стои на располагање на корисниците на информациите содржани во финансиските извештаи и им овозможува донесување на одлуки преку избор од повеќе можни алтернативи. Оттука и целта на финансиското известување потекнува токму од интересите и потребите на корисниците на финансиските извештаи. Четирите основни користи од ефикасното финансиско известување се: зголемена комуникација, пораст на продуктивноста, многу попрецизно планирање и предвидување и навремена евалуација и контрола.

Несомнено, сегашната криза покажа дека финансиското известување има приоритетно место и дека треба и понатаму да посветува голема грижа за потребите на луѓето и институциите, во смисла на обезбедување информации за потребите на инвеститорите и кредиторите, преку гарантирање дека истото ја одразува основната економска реалност.

**Евалуација на трудот бр. 44:**

***Влијанието на глобалната финансиска криза врз сметководствената конвергенција***

Авторите во трудот истакнуваат дека од неодамна сметководството по пазарна, објективна вредност (FVA – fair value accounting) „се заканува" врз процесот на конвергенција на сметководствените практики во земјите ширум светот. Според некои аналитичари, овој принцип на финансиско известување е еден од факторите, кој меѓу другите, придонесе за појава и ширење на финансиската криза. Имајќи предвид дека МСФИ (Меѓународните стандарди за финансиско известување) ја опфаќаат и нагласуваат објективната вредност, во услови на финансиската криза се покренаа многу прашања и дилеми во однос на нивната соодветност и применливост во процесот на финансиско известување секаде во светот. Овој труд ги истражува значајните импликации на глобалната финансиска криза врз финансиското известување, посебно барање на одговор на прашањето дали трендовите кон процесот на сметководствена конвергенција во земјите беа отежнати поради инхерентните проблеми внатре во МСФИ. Спротивно на очекувањата, анализите покажуваат дека финансиската криза го направи процесот на сметководствена конвергенција позадолжителен од кога било.

**Евалуација на трудот бр. 45:**

***Факторите за промена на сметководствената професија како глобална, општествена, економска, организациона и институционална активност***

Во трудот авторите ги разработуваат факторите кои имаат потенцијал да предизвикаат трансформациони промени во улогата на сметководителите и во позиционирањето на професијата во посткризниот период. Во зависност од одговорот на сметководителите на потенцираните фактори, постојат големи разлики за тоа како професијата може да биде перципирана во иднина. При истражувањето на спектарот на можни резултати, авторите во трудот ги потенцираат генеричките сценарија за иднината на сметководствената професија во текот на следната деценија. На едниот крај од спектарот, сметководителите може да се набљудуваат како „дел од проблемот" што ја предизвика финансиска криза и континуирана економска несигурност, поради неуспехот да обезбедат рано предупредување и сигнали за постојниот ризик. На другиот крај е можноста сметководителите да бидат набљудувани

и вреднувани од страна на општеството како „чувари на интегритетот”. Ваквото позиционирање подразбира работење на сметководителите според највисоките етички стандарди и осигурување дека нивните клиенти целосно се усогласуваат со регулаторните барања.

**Евалуација на трудот бр. 46:**
***Конвергенција на финансиското известување во услови на глобализацијата и кризите како феномени на современиот развој***
Глобализацијата обезбедува поврзување на светското стопанство и овозможува слободно движење на стоките и капиталот. Селењето на капиталот претстваува процес на „интернационализација на капиталот”, во непосредна поврзаност со глобализацијата. Финансиското известување претставува еден од столбовите на функционирање на претпријатијата во глобалната економија. Авторите сметаат дека таквиот процес наметнува потреба од воспоставување рамнотежа помеѓу ризикот и можностите. Доколку доверливите и споредливите информации не се редовно достапни, во таков случај сопствениците не само што не ќе можат да го проценат квалитетот на менаџментот во менаџирањето на компанијата, туку не ќе бидат во состојба да влијаат на нејзината работа или, пак, да го заменат менаџментот со нов, подобар. Тоа исто така, според авторите, ќе влијае и на инвеститорите да не можат да донесат соодветна проценка за вредноста на компанијата, за да врз таа основа донесат правилна и рационална одлука за различните инвестициони можности, што влијае на зголемување на цената на капиталот и на помалку ефикасна аклокација на ресурсите.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесените биографски податоци и елаборираните информации за наставно-образовната и научноистражувачка активност на пријавениот кандидат за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научната област сметководство и финансии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата со задоволство констатира дека доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска во целост ги исполнува барањата на Конкурсот.

Оценувајќи ги постигнатите резултати во текот на образованието и досегашното работно искуство на кандидатката, Комисијата го констатира следново: кандидатката доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска има одбрането докторска дисертација од областа на сметководството и финансиите, која соодветствува на областа за која е распишан Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања; од списокот на објавените научноистражувачки и стручни трудови и нивната содржина, Комисијата утврди дека кандидатката доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска има објавено голем број трудови од областа на сметководството и финансиите, во релевантни домашни и меѓународни научни публикации и мошне активно работи на истражувања од оваа област; преку досегашната работа и искуство на високообразовна институција, како асистент, а потоа и доцент во областа на сметководството и финансиите, кандидатката доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска се издвојува и според стекнатото наставно искуство; стручно-апликативната надградба на кандидатката, докажана со приложените сертификати за стекнати квалификации од областа на сметководството и финансиите, несомнено покажуваат дека се работи за кандидатка која може да даде посебен придонес, како во унапредување на сметководствено-финансиската професија, така и во пренос на стекнатите практични познавања на студентите.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според конкурсот за избор на еден наставник во сите звања од областа сметководство и финансии.

**Оттаму, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област сметководство и финансии.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Пеце Николовски, редовен професор, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Фотов, редовен професор, член, с.р.**
**Проф. д-р Љиљана Конеска, вонреден професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
**(д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, период 2010 – 2014 г.)**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избран во звање асистент | 1 | 15 | | | 15 |
| 2. | Избран во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | ВКУПНО | | | | | 45 |
| Р. Бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 2. | **Дел од монографија или научна книга (Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум)** (р.бр. 1; 2; 3) | 3 | 6 | | | 18 |
| 4. | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во ЦА** (р.бр. 4; 5 ) | | | 2 | 6 | 12 |
| 5. | **- Труд со оригинални научни резултати објавени во меѓународни научни публикации** Во земјава (р.бр. 7; 8; 9; 11; 12; 14; 16; 18) Во странство (р.бр. 6; 10; 13; 15; 17; ) | 8 | 1 | 5 | 2 | 18 |
| 5. | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир:** Во земјава (р.бр. 33; 34; 35; 36; 37) Во странство (р.бр. 19; 20; 21; 22; 23; 24; 25; 26; 27; 28; 29; 30; 31; 32) | 5 | 1 | 14 | 2 | 33 |
| 9. | **Учество на научен собир со реферат (усно, потврдено со сертификат за учество)** Во земјава (р.бр. 47; 48; 51; 53; 55 ) Во странство (р.бр. 49; 50; 52; 54; 56) | 5 | 1,5 | 5 | 2 | 17,5 |
| | ВКУПНО | | | | | 98,5 |

| Р. бр. | Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 5. | **Труд во стручно (научно-популарно) списание:** Во земјата (Годишен зборник на Економски факултет – Штип) (р.бр. 38; 39; 40; 41; 42 ) | 5 | 2 | | | **10** |
| 6. | **Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир во земјава** (43; 44; 45; 46 ) | 4 | 2 | | | **8** |
| 13. | **Учесник во меѓународен научен проект** „Обука на интерни ревизори во јавен сектор на Република Македонија“ (р.бр. 61) | 1 | 5 | | | **5** |
| 15. | **Техничко унапредување**<br>- Лиценца за вештак од областа на сметководствено, материјално и финансиско работење (р.бр. 57)<br>- Уверение за овластен проценител на капитал на трговски друштва, јавни претпријатија и други субјекти (р.бр. 58)<br>- Сертификат за посетување на обука за ментори (предавачи) за методологијата на предавање (р.бр. 59)<br>- Сертификат за учество во работилница под наслов „Активно учење во големи студентски групи - невозможност или предизвик” организирана од American Council for International Education (р.бр. 60) | 4 | 2 | | | **8** |
| 17. | **Елаборати и експертизи** (стручни вештачења од областа на сметководствено и финансиско работење) | 35 | 2 | | | **70** |
| 28. | **-** Член во комисија за прием на документи и уписи на студенти 2013/2014; 2014/2015<br>- Претседател на дисциплинска комисија<br>- Претседател на комисија за признавање на испити | 4 | 2 | | | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **109** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **252,5** |